Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-460/18
30.06.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1-460/18
30.06 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од осмата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 28.05.2020 година | **Време** | 14:30 – 16:00 часот |
| **Бр. на седница** | Осма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | независни експерти (Љубен Талев, Сашко Стојковски, Зоран Мурџев, Николче Мицкоски и Милан Николовски)<br>Ана Малцева - МИОА | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седницата на НКБК одржана на 28.04.2020 година
2. Усвојување на Препораки за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката кабелска канализација
3. Разно

## БЕЛЕШКИ

Осмата седница која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од седмата седница, одржана на 28.04.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред**

Во однос на втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, напомена дека препораките за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства ќе послужат за постигнување на националните таргети за фиксен бродбенд, за понатамошен развој на владината оптичка мрежа, за потребите на безбедносните структури во државата, како и за оптичко поврзување на бесплатни WiFi точки, а ќе создаде и услови за развој на Четвртата индустриска револуција.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, во кратки црти ја претстави последната верзија на документот, односно неговата содржина и цели, нагласувајќи дека тој е резултат на работата на членовите на НКБК, како и на надворешните соработници на телото. Тој најнапред се осврна на извршното резиме на документот, кое опфаќа препораки за ЈП МРД и другите јавни институции кои градат инфраструктурни објекти финансирани со јавни средства.

Првата точка од документот се однесува на надлежностите за донесување и примена на препораките. Точката 2 ги опфаќа техничките карактеристики на комуникациските мрежи за бродбенд, односно концептот на комуникациската мрежа и елементите на бродбенд мрежата (кабелска канализација, оптички кабли, и можни изведби на кабелска канализација).

Документот во точката 3 содржи препораки за поставување на кабелска канализација со определени карактеристики и минимален капацитет на кабелската канализација во зависност од видот (хоризонталната димензија) на оптичката мрежа, до кои треба да се придржуваат ЈП МРД и другите институции при изградба на инфраструктурни објекти финансирани со јавни средства (патишта, железници, пренос на електрична енергија, гасовод, водовод, канализација и сл.).

Членот на НКБК, Боро Јакимовски, предложи извршното резиме да се дополни со нова точка со која освен ЈП МРД, и други институции ќе треба да ја усогласат регулативата во нивен домен со овие препораки.

Ана Малцева од Министерството за информатичко општество и администрација, појасни дека во фаза е формирање на работна група за усогласување на законите со градење и електронски комуникации, која ќе ја регулира таа проблематика.

Надворешниот експерт, Зоран Мурџев, констатира дека останатите детали што не се содржани во овие препораки ќе треба да бидат дел од иден Правилник.

По завршената дискусија за втората точка од дневниот ред, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ги стави на гласање Предлог Препораките за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката кабелска канализација.

**Заклучок :** Националната канцеларија за бродбенд компетентност едногласно ги усвои Препораките за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката кабелска канализација, и истите ќе се доставaт до министерот за информатичко општество и администрација и до ЈП МРД.

**За третата точка од дневниот ред,** надворешниот експерт Милан Никоковски го постави прашањето за проектот на МЕПСО, Balkan Highway, но присутните немаа информации околу таа проблематика.

Буковалов информираше дека преведена е новата директива за електронски комуникации.

Записникот го водеше
Претседател на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________